**Mellon Group** е водечка грчка мултинационална групација која нуди специјализирани решенија и услуги со цел да ги задоволи барањата на финансиските институции и другите организации чиј бизнис е насочен кон големи групи на клиенти. **Mellon Group** е со седиште во Атина, Грција и моментално брои преку 8.000 вработени во 12 земји.

Мелон Солушнс Дооел, како дел од **Mellon Group**, извршува обврски во име и за сметка на Македонски Телеком АД Скопје во полето на инсталација на FTTH услуги кај корисниците и има потреба од:

# Техничар за обезбедување на телекомуникациски услуги (за регион Кичево)

**[реф. бр. 062025-012]**

**Профил на работната позиција:**

- Техничарот за обезбедување на телекомуникациски услуги е одговорен за инсталација, пуштање во работа, тестирање, одржување и оптимално функционирање на опрема за обезбедување на телекомуникациските услуги согласно потребите на Македонски Телеком АД Скопје.

**Опис на работни обврски:**

- Инсталирање на телекомуникациски услуги преку оптичка инфраструктура на корисничка страна, во сите сегменти (ODC, ODB, splicing на оптички влакна со механички или фузионен splicer, поврзување на оптички влакна во сплитер, изведба на секундарна мрежа, внатрешна инсталација, инсталација на CPE опрема);
- Инсталирање и реконфигурирање на корисничка опрема преку која се обезбедува телекомуникациската услуга;
- Непречено работење на височина до и над 2 метри, проверка на исправноста на мрежен елемент (столб, останати елементи) пред да се пристапи кон изведување на активности на истиот и инсталирање на услуги преку воздушна дистрибутивна оптичка мрежа, почитувајќи ги сите мерки и активности кои произлегуваат од безбедност и здравје и заштита при работа; Работа со соодветни софтверски алатки за оперативно работење на терен, грижа и одговорност за точноста на внесените податоци во налозите во апликацијата за оперативно работење;
- Почитување на упатството за работа за комуникација при посета кај корисник, обезбедување највисок квалитет на услуга при секој контакт со корисникот, постапување по поплаки од корисници, идентификување на проблеми и изнаоѓање на решенија;
- Правилно употребување на основните средства, ресурсите, инструментите и алатите за работа, преку примена на упатствата за ракување и одговорност за организирање на магацинот со кој е задолжен техничарот.

**Профил на кандидатот:**

- Минимум средно образование или диплома за занимање квалификација IV/III степен;
- Комуникативна и амбициозна личност со желба за усовршување;
- Способност за справување во конфликтни ситуации;
- Тимски дух и способност за работа во големи тимови;
- Важечка возачка дозвола Б категорија;
- Претходно искуство во монтажа и инсталација на телекомуникациски кабли ќе се смета за предност.

**Предвидена обука:**

Избраниот кандидат задолжително ќе помине платена обука во времетраење од најмногу 3 (три) месеци.

Изборот ќе се изврши согласно условите и роковите предвидени во Законот за работни односи.

**Согласно Законот за заштита на лични податоци, по истекот на рокот за избор на кандидатот сите пристигнати биографии ќе бидат уништени.**